# Младинскиот центар за култура од Целје – домаќин на партнерите на проектот YouWell

Во рамките на Erasmus+ проектот (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901): Sustaining Young Teachers' Wellbeing at School – YouWell, кој е финансиран од Европската унија, на 12.09 и 13.09.2023 година, во Целје, Словенија се одржа вториот работен состанок на сите партнери учесници во проектот.



Домаќин на состанокот беше Младинскиот центар за култура од Целје – Република Словенија, а освен СОНК, присутни беа  и Синдикатот за образование од Република Бугарија –  Поткрепа, Тренинг центарот за обука од Брисел – Белгија и Националното училиште за менаџмент од Софија – Република Бугарија.

На работниот состанок беа презентирани фазите на проектот, односно главните активности и конкретните чекори што беа преземени за реализација на проектот во изминатите 6 месеци.



Главен акцент беше ставен на Обуката “Mentoring through coaching”, која се одржа во Софија, Бугарија, во периодот од 7 до 11 јули 2023 година. Од страна на сите партнери беше искажано задоволство во однос на успешно завршената обука на 15 наставници – едукатори од Македонија, Бугарија и Словенија.

Исто така, на состанокот беа дискутирани идните чекори за реализација на обуката, каде што овие наставници – едукатори, од 1.10.2023 година, треба да започнат со работа во своите земји, со своите колеги и да продолжат по една нова патека на менторство која се открива пред нив.

На крајот од дискусијата, партнерите – учесници во проектот, договорија следниот состанок да биде во почетокот на месец декември, во Брисел, на кој ќе бидат презентирани резултатите од досегашната работа на наставниците – едукатори.